| Работилници со ученици за ментално здравје<br>-едукација на ученици за комуникациски вештини<br>-Предавања за негување на здрави животни вештини<br>-активно вклучување на Ученичкиот парламент во превенцијата<br>-редовно одржување одделенски заедници<br>-континуирана соработка со родители и други институции | Изготвена програма за превенција<br>-Намален број на дисциплински проблеми<br>-Редовност на учениците<br>-Поведение на ученици<br>-Изграден систем за следење, оценување и евалвација на поведение на ученици | Психолог<br>Педагог<br>Одделенски раководител и | Септември-декември 2024<br><br>Јануари-јуни 2025 | Работни материјали<br>Прирачници<br>Печатар<br>Тонер<br>хартија |
| **Приоритетно подрачје на промени: Подобрување на услови за работа во училиштето** | | | | |
| **3. Приоритетно подрачје на промени: Подобрување на услови за работа во училиштето** | **3.1 Цели: подобрување на условите во спортските соблекувални** | | | |
| **Активности** | **Индикатори на успех** | **Носител на активности** | **Временска рамка** | **Ресурси** |
| Состанок со тим за уредување на ентериер | Утврдени потреби | Директор<br>Работен тим | Септември 2024 | Работна просторија |
| Уредување на ентериер | Набавка на клупи и закачалки за потребите на учениците<br><br>Поставување ПВЦ прозори<br>Обновување на тоалети во спортските соблекувални | Директор<br><br><br><br>Надворешен изведувач | Ноември /декември 2024 | Технички проект и буџет<br>Финансиска поддршка |
| **3. Приоритетно подрчје на промени: Реновирање на спортски терени** | **3.2 Цел: Реновирање на спортските терени и нивно осветлување** | | | |
| **Активности** | **Индикатори на успех** | **Носител на активности** | **Временска рамка** | **Ресурси** |
| 3.2.1. Утврдена постоечка состојба<br>Извештај од проектанско биро<br>Изготвен проект<br>Реновирање на спортските терени (трим патека, пешачки патеки, осветлување)<br>3.2.2 Да се идентификуваат условите на спортските терени<br>3.2.3. Реновирање на спортските | Реновирани спортски терени<br>Подобрени услови за реализација на настава по ФЗО и воннаставни активности | Надворешен изведувач | Октомври/ ноември 2024 | Технички проект<br>буџет и предмер пресметка<br>Финансиска поддршка |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| терени (трим патека, пешачки патеки,осветлување) | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| **3. Приоритетно подрчје на промени: Подобрување на услови за работа во училиштето** | **3.3 Цели: Поставување на ламинатен под во 4 училници, еден кабинет и административни простории** | | | |
| **Активности** | **Индикатори на успех** | **Носител на активности** | **Временска рамка** | **Ресурси** |
| Идентификување на постоечката ситуација<br>тендер за извршување градежни работи<br>- избор на најдобра понуда<br>- известување на релевантните фактори во училиштето (Наставнички совет, Совет на родители, Училишен одбор)<br>- извршување на подготвителни активности<br>- Поставување на под | Поставен нов под во  и административна просторија, 4 училници, еден кабинет и административни простории<br><br>Подобрени хигиенски услови | Работен тим<br>Градежна фирма<br>Надворешни лица | Септрмври/ декември 2024 | Технички проект<br>буџет и предмер пресметка<br>Финансиска поддршка |
| **3. Приоритетно подрчје на промени: Подобрување на услови за работа во училиштето** | **3.4 Цели: Подобрување на услови за работа во сутеренски дел-санирање и изолација на просторот каде има појава на влага** | | | |
| **Активности** | **Индикатори на успех** | **Носител на активности** | **Временска рамка** | **Ресурси** |
| Идентификување на постоечката ситуација<br>тендер за извршување градежни работи<br>- избор на најдобра понуда<br>- известување на релевантните фактори во училиштето (Наставнички совет, Совет на родители, Училишен одбор)<br>Санирање<br>Изолација | Подобрени услови за работа во сутеранот<br><br>Поставени ПВЦ прозори<br>Доградување на фасадата со цокле и поставување заштитна мрежа на прозорите | Работен тим<br>Градежна фирма<br>Надворешни лица | Август – декември 2024 | Технички проект<br>буџет и предмер пресметка<br>Финансиска поддршка |
| | | | | |

| |
|---|
| **3.5 Обезбедување на соодветни хигиенски и материјални услови за работа на библиотеката** |
| ***3.5.*** **Подобрување на условите за работа на училишната библиотека**<br>**обезбедување на соодветни хигиенски и материјални услови за работа на библиотеката** |

| Конкретна цел | Активности | Реализатор | Временска рамка на имплементација | Индикатори |
|---|---|---|---|---|
| **3.5.1 Да се идентификуваат условите во просторијата (училишна библиотека)** | - Состанок со вработените<br>- Формирање на работен тим за идентификација на условите во просторијата<br>- Консултации со стручни лица за идентификација на постоечките условите во просторијата<br>- Ревидирање и проценка на постоечкиот простор<br>- Изготвување и доставување на буџет за трошоци<br>- Известување на релевантните фактори во училиштето (Наставнички совет, Совет на родители, Училишен одбор) | Работен тим<br>Директор | Јуни/јули 2024 | Утврдена постоечка состојба<br><br>Извештај од работен тим |
| **3.5.2 Подобрување на хигиенски услови и условите за работа во библиотека** | - Состанок со технички персонал и распоредување на активностите за адаптирање и оспособување на просторијата<br>- белење на просторијата<br>- Поставување ламинатен под<br>- Обезбедување на клима уред | Технички персонал<br><br>Надворешни лица<br><br>Директор | Септември 2024-јуни 2025 | Подобрени услови за работа<br>Уреден ентериер<br>Фотографии |
| **3.5.3 Да се уреди ентериерот на училишната библиотека** | - Поставување дополнителни полици за лектирни изданија<br>- Поставување на дополнителни ормани | Технички персонал<br>директор | Август 2024<br><br>Октомври 2024 | Уреден ентериер<br>Фотографии |
| **3.5.4 Да се обезбеди образовна технологија** | - Опремување на просторијата со 2 компјутера за учениците<br>- Обезбедување на 2 печатачи<br>- Обезбедување компјутер за<br>- електронска евиденција на библиотечен фонд<br>- Континуирано достапна интернет мрежа | Работен тим<br>Директор | Септември - 2024<br>Мај 2025 | Обезбедени 3 компјутери<br>Обезбедени 2 печатачи<br><br>Достапна интернет мрежа<br><br>листа на набавена образовна технологија |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| **3.5.5 Популаризација на книгата како извор на знаења** | - Организирање на литературни приредби, промоции на книги, средби со автори<br>- Одбележување на месец на книгата, изложување на најсовремени книжевни дела<br>- Организирање акција - подари книга<br>- Организирање средби со писатели и одбележување на јубилејни датуми<br>- Организирање наставен ден во училишната библиотека<br>- Избор на ученик и доделување пофалница за ученикот кој неделно прочитал најмногу книги | Библиотекарска секција<br><br>Наставници по македонски јазик и странски јазици | континуирано | - евиденција од страна на библиотекарот, наставници по македонски јазик и странски јазици<br>-Извештаи |
| **4.Приоритетно подрачје на промени: Подобрување на квалитет на креирање училишна политика** | | | | |
| ***4.1*** **Изнаоѓање на партнер училиште со кое ќе се потпише меморандум за соработка во рамки на рамки на проектот за Меѓуетничка интеграција во образованието** | | | | |
| **Конкретна цел** | **Активности** | **Реализатор** | **Временска рамка на имплементација** | **Индикатори** |
| **4.1.1 Унапредување на училишната политика на интеркултуралност - формирање на партнерски односи на соработка меѓу училиштата со различен наставен јазик** | - Следење на објавени апликации на грантови од областа на меѓуетничката интеграција во образовниот систем -заеднички проект на Министерството за образование и наука, БРО, Амбасадата на Швајцарија и Мисијата на ОБСЕ во Скопје<br>- Склучување на меморандум за соработка со партнер училиште<br>- Изготвување на проект<br>- Апликација за гранд од „Градиме мостови“<br>- Подготвување на потребни ресурси и работни материјали за активно ангажирање на учениците<br>- Планирање на активности кои придонесуваат кон почитување на | Тим на МИО<br><br>Директор<br>Тим на МИО од ООУ„Васил Главинов“ и партнер училиште „Лирија“ Бузалково<br>Ученици | Континуирано<br><br>(меморандумот за соработка со ОУ„Лирија“ с. Бузалково се потпиша април 2024) | Апликација<br><br>Потпишан Меморандум за соработка Со ООУ „Лирија“ Бузалково<br><br>План на активности |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | мултикултурализмот | | | |
| **4.1.2**<br>**Подобрување на инклузивноста и меѓуетничката интеграција** | - Изготвување на акционен план на заеднички активности од „Градиме мостови“<br>Реализација на планираните активности со партнер учелиштето:<br>- краткотрајни заеднички воннаставни активности со учениците (излети/екскурзии, прослави/приредби, гостувања)<br>- подолготрајни заеднички воннаставни активности со учениците (проекти-секции, мултикултурни работилници)<br>- заеднички активности со учениците во редовната настава (заеднички часови, проекти во рамки на предметите),<br>соработка преку ученичките организации<br>- професионална соработка меѓу наставниците<br>- Размена на материјалите по електронски пат | Тим на МИО<br>Ученици<br>Родители<br>Наставници од двете партнер училишта | Динамика планирана со проектот | План на активности<br><br>Извештаи |
| **4.1.3**<br><br>**Воспоставување одржлив модел за продолжување на соработка со други училишта** | - Проширување на партнерства со други училишта во реализација на заеднички проекти и потпишување меморандум за соработка<br>- заедничка реализација на проекти/секции со етнички/јазично „мешани“ групи ученици;<br>**-** заедничка реализација на активности со учениците посветени на мултикултурно разбирање;<br>- организирање на трибини и<br>- работилници за развивањето на вредностите кај учениците за заедничко живеење, почитување<br>- на разликите меѓу луѓето и традициите. | Тим на МИО<br>Ученици<br>Родидели<br>Наставници од двете партнер училишта | континуира но | Потпишан Меморандум за соработка со повеќе училишта<br><br>-Годишна програма на училиштето;<br>-Училишна евиденција за воннаставните активности<br>- извештаи |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| **4.1.4 Креирање на политика за промовирање на меѓуетничката интеграција во образованието** | -Објавување на активностите и настаните на веб страната на училиштето<br>-Изготвување информативни материјали и брошури<br>- презентирање на завршен продукт<br>- континуирана соработка со локална заедница<br>- Професионален развој на наставен кадар | Работен тим<br>Медиумски клуб | Континуирано | Информативни материјали<br>Брошури<br>Видео-материјали<br>Фотографии |

**4.2 Цели: Промоција на новините и постигнувањата на учениците**

Очекувани исходи:

- Креирање политика за промоција на новините и постигнувањата на учениците

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Формирање тим за промоција од наставници, ученици, родители<br>Формирање тим за изработка на информативни материјали<br>Посета на медиум и печатарска куќа кои изработуват брошури<br>Изработка на промотивни материјали<br>Промоција на училишен весник | Изработена процедура за промоција на новини и постугнувања на учениците -Изработена процедура за изработка промотивни материјали<br>Извештаи од посетени медиуми<br>-Зголемен број на задоволни ученици, како и објави за нивните успеси со што се зголемува и мотивацијата кон поголеми постигања | Тим од наставници, ученици и родители<br>Стручна служба | Септември 2024 – мај 2025 | Одлука<br>Договор<br>Листа за следење<br>Прашалници анализи<br>Извештаи<br>Компјутери |

При евалуацијата се имплементираат процедурите за следењето кои вклучуваат: состаноци на кои се разговара за напредокот во однос на критериумите на успех, се нагласуваат тешкотиите, се предлагаат мерки за решавање проблеми. Со неформални дискусии или формални разговори со учесниците од училиштето се добиваат повратни информации за активностите, доцнењата, одложувањата, потребните ресурси и почитувањето на роковите.

***1.Подобрување на квалитетот на реализација на наставата***

- Едукација на наставен кадар за развој на социјални вештини и самодоверба кај учениците, справување со проблематично однесување, унапредување на нивното ментално здравје
  Очекувани исходи: Едуциран наставен кадар, помош и поддршка на учениците
- Доопремување на кабинетите со нови нагледни средства 10 лаптопи и 15 печатари
  Очекувани исходи: Квалитетна настава со достапни ресурси
- Реновирана спортска сала и спортски терени, обезбедена спортска опрема за потребите на ФЗО
  ***Критериум за успех*****:** стекнати сертификати.

- Обезбедени нагледни средства - опремени училници и кабинети со нагледни средства.
- Обезбедена спортска опрема за потребите на ФЗО
- Инструменти: записи од увиди на часови, статистички извештаи, постигнувања од ученички натпревари, портфолио на ученици; Носител на активностите: директор, помошник директор, стручни активи, инклузивен тим.
- Временска рамка: континуирано.

***2.*** *Подобрување на воспитната компонента*

➢ Цел: Работилници со ученици и родители за унапредување на ментално здравје на учениците (социо - емоционален развој на адолесцентите)
Очекувани исходи: подобрено ментално здравје, намален број на дисциплински проблеми
Инструменти: статистички извештаи, записи од стручна служба и наставници
Носител на активностите: директор, наставник, стручни соработници, ученици

***3. Подобрување на услови за работа во училиштето***

- Подобрување на условите во спортските соблекувални
- Реновирани спортските терени и поставено осветлување
- Реновирана спортска сала
- Поставен ламинатен под во административни простории и 4 училници и 1 кабинет
- Подобрени услови за работа во сутерански дел – доградување на фасада со цокле и поставена заштитна мрежа на прозорите, поставени ПВЦ прозори
- Подобрување на условите за работа на училишната библиотека

обезбедување на соодветни хигиенски и материјални услови за работа на библиотеката.
Инструменти: фотографии, записници, документи, извештаи.

***4. Подобрување на квалитетот на креирање на училишна политика***

4.1 Изнаоѓање на партнер училиште со кое ќе се потпише Меморандум за соработка во рамки на проектот за Меѓуетничка интеграција во образованието
4.2 Цели: Промоција на новините и постигнувањата на учениците
Очекувани исходи: Креирање политика за промоција на новините и постигнувањата на учениците
Критериум за успех: Подобрена комуникација со родителите, локалната средина и бизнис секторот; Поддршка и афирмација на постигнувањета на учениците
Инструменти/извори: интервју, анкетни прашалници, извештаи, книга за евиденција.
Носител на активностите: наставник, стручни соработници, директор, ученици.
Временска рамка: континуирано.

- **Интеграција на еколошката едукација во наставата**

Во согласност со добиените насоки за реализација на наставата и останатите подрачја од МОН и БРО, поради новонастанатата состојба за заштеда на електрична енергија и почитување на мерките за заштита на населението за заштита од заразни болести, реализирани се дел од планираните Еко активности за оваа учебна година.

| Активност | Датум | Реализатор |
|---|---|---|
| **Одржување на хигиената на училницата** | 16.09.2024 | Ученици и наставници од I одделение |
| **Одбележување на „Ден без автомобили„- европска недела на мобилност** | 22-09-2024 | Ученици и наставници од I одделение |
| **Здрава храна за детство без мана- одржана Еко акција по повод 16ти октомври- Светски ден на храната** | 16-10-2024 | Ученици и наставници од I одделение |
| **Новогодишна еко-активност** | 15-26.12.2024 | Ученици и наставници од I одделение |
| **Новогодишно декорирање на холот на училиштето** | 23-12.2024 | Ученици и наставници од I одделение |
| **Подготвување на еко-маски за Априлијада** | 20.03- 30.03.2025 | Ученици и наставници од I одделение |
| **Засадување на цветна расади во училишниот двор** | 26.04.2025 | Ученици и наставници од I одделение |
| **Загадување на водата Сликање облаци и дожд акварел(ликовно образование)** | III седмица од септември | Ученици и наставници од II одделение |
| **Здрава вода за пиење Обработка на текст Дожд (македонски јазик)** | IV седмица од септември | Ученици и наставници од II одделение |
| **Загадување на водата Сликање облаци и дожд акварел(ликовно образование)** | III седмица од септември | Ученици и наставници од II одделение |
| **Здрава вода за пиење Обработка на текст Дожд (македонски јазик)** | IV седмица од септември | Ученици и наставници од II одделение |
| **Извори на енергија и нивна искористеност Батерии или струја? ИКТ (природни науки)** | Ноември | Ученици и наставници од II одделение |
| **Значење на енергијата за живиот свет Изготвување на ЕКО пароли за штедењето (ликовно образование)** | Октомври и ноември | Ученици и наставници од II одделение |
| **Подигање на свеста на пошироката заедница за хигиената и здрава - Правила на однесување** | септември | Ученици и наставници од II одделение |

| | | |
|---|---|---|
| **во училница пишување пораки(македонски јазик)** | | |
| **Влијанието на хигиената врз здравјето – Дигање и носење(ФЗО)** | Ноември | Ученици и наставници од II одделение |
| **Еколошки бои за бојадисување –Сликање (ликовно образование)** | октомври | Ученици и наставници од II одделение |
| **Одржување на хигиена и естетски изглед на училницата** | 04.09.2024 | Ученици од II одделение со одделенските наставници |
| **Предавање и работилница на тема „Грижа за околината“** | 25.09.2024 | Ученици од II одделение со одделенските наставници |
| **Предавање и дискусија на тема „Важноста на водата потребна за живот“** | 02.10.2024 | Ученици од II одделение со одделенските наставници |
| **Креативна работилница „Ѕвезди“ - творба изработена од материјал за рециклирање** | 21.10.2024 | Ученици од II одделение со одделенските наставници |
| **Креативна работилница „Сенки“ - изработка на творба од материјали за рециклирање.** | 10.02.2025 | Ученици од II одделение со одделенските наставници |
| **Предавање и дискусија на тема : „Како да ја заштедиме енергијата?“,активности по повод „Ден на заштеда на енергија“** | 10.03.2025 | Ученици од II одделение со одделенските наставници |
| **Одбележување на ден на екологијата со рециклирани изработки** | 21.03.2025 | Ученици од II одделение со одделенските наставници |
| **Активности на тема: Вода се штеди зошто многу вреди** | 24.03.2025 | Ученици од II одделение со одделенските наставници |
| **„Ден на планетата Земја“ -работилница, предавање** | 22.04.2025 | Ученици од II одделение со одделенските наставници |
| **ЕКО - пароли , развивање на еколошка свест кај децата -работилница** | 30.04.2025 | Ученици од II одделение со одделенските наставници |
| **Генералка викенд- ЕКО проект: Презентација на тема Рециклирање и изработка на канти за прибирање и селекција на отпад** | 09.05.2025 | Ученици од II одделение со одделенските наставници |
| **Обезбедување на техничка вода за одржување на зелените површини во дворот со поставување на буриња** | 06.11.2024 | Ученици и наставници од III одделение |

| | | |
|---|---|---|
| **или цели инсталации за собирање на дождовницата ( оваа вода ќе се користи за наводнивање на зеленилото,чистење на дворот)** | | |
| **Изработка на упатства за рационално користење на водата** | 20.09.2024 | Ученици и наставници од III одделение |
| **Изработка на упатства за користење на здрава храна** | 17.09.2024 | Ученици и наставници од III одделение |
| **Чистење на ходници, канцеларии и фискултурна сала со еколошки или нетоксични средства** | 06.09.2024 | Ученици и наставници од III одделение |
| **Еко хуманитарна акција „Подај рака“ по повод Меѓународниот ден на стари лица** | 07.10.2024 | Ученици и наставници од III одделение |
| **Обезбедување на техничка вода за одржување на зелените површини** | 08.05.2025 | Наставници и ученици од III одделение |
| **Формирање на еко-патроли ( група на ученици) вклучени во реализација на точките на акција кои ќе го следат, надгледуваат и контролираат процесот на имплементација на овие активности** | 22.04.2025 | Наставници и ученици од III одделение |
| **Чистење на ходници, канцеларии и фискултурна сала со еколошки или нетоксични средства** | 09.05.2025 | Наставници и ученици од III одделение |
| **Садење на листопадни дрвја на соодветна локација кои во лето ќе служат како заштита од сонцето, а во зима ќе ја пропуштаат светлината** | 20.02.2025 | Наставници и ученици од III одделение |
| **Рециклирање** | 21.03.2025 | Наставници и ученици од III одделение |
| **Еколошка акција** | 21.03.2025 | Наставници и ученици од III одделение |
| **Подигање на свеста на пошироката заедница за користење на јавен превоз и велосипед** | 16.05.2025 | Наставници и ученици од III одделение |

| | | |
|---|---|---|
| **Влијанието на физичката активност врз здравјето** | 04.06.2025 | Наставници и ученици од III одделение |
| **Грижа за околината- Опишува позитивни и негативни влијанија на човекот врз околината** | 27.09.2024 | Ученици и наставници од IV одделение |
| **Дискусија на тема „Грижа за околината“,позитивни и негативни влијанија на човекот врз околината, придобивки од заштеда на вода.** | 02.10.2024 | Ученици и наставници од IV одделение |
| **Екологија - пораки** | Април | Ученици и наставници од IV одделение |
| **Како да ја заштитам мојата планета од загадување?** | 11.11.2024 | Ученици и наставници од V одделение |
| **Значење на водата за живиот свет „Еден мал дел од мојот летен распуст“** | 06-09-2024 | Ученици и наставници од V одделение |
| **Влијанието на транспортот врз средината Одбележување на „Светски ден без автомобили“** | 12-09-2024 | Ученици и наставници од V одделение |
| **Локален и национален биодиверзитет „Мапа со податоци“** | 05-11-2024 | Ученици и наставници од V одделение |
| **Подигање на свеста на пошироката заедница за локалниот биодиверзитет „Љубопитната планина“** | 12-11-2024 | Ученици и наставници од V одделение |
| **ПВЦ амбалажа Учество во Еко -акции** | 26-11-2024 | Ученици и наставници од V одделение |
| **Влијанието на физичката активност врз здравјето Гимнастичко одење и трчање во ритам и такт** | 06-12-2024 | Ученици и наставници од V одделение |
| **Собирање и употреба на дождовница Мерење на зафатнина** | 24.04.2025 | Ученици и наставници од V одделение |
| **Рециклирање Преработка на користени материјали за изработка на нови** | 13.05.2025 | Ученици и наставници од V одделение |
| **Водата и климатските промени „Ден на планетата Земја“- предавање, работилница** | 22.04.2025 | Ученици и наставници од V одделение |
| **Органска храна „Девојчето со златно срце“-работилница,** | 06.05.2025 | Ученици и наставници од V одделение |

| | | |
|---|---|---|
| **дискусија** | | |
| **Локална, национална и глобална нееднаквост „Марковиот атлас“- анализа на текст,дискусија** | 23.04.2025 | Ученици и наставници од V одделение |
| **Загадување на вода -содржина од слободен изборен предмет** | 21.04.2024 | Ученици и наставници од V одделение |
| **Значење на енергијата за живиот свет Работа со податоци** | 02.06.2025 | Ученици и наставници од V одделение |
| **Важноста на хигиената во зградата Одбележување на „Ден на екологија“** | 24.03.2025 | Ученици и наставници од V одделение |
| **Подигање на свеста на пошироката заедница за хигиената во дворот „Вредни“ деца- „чисти“ дворови- анализа на текст** | 11.04.2025 | Ученици и наставници од V одделение |
| **Еко акција за расчистување и уредување на локалнит пат „Долги рид“ од месноста Пашин мост до клучката за Општина Чашка Учествуваат ученици од 9то одд ООУ Васил Главинов** | 22.11.2024 | ЗГ ВЕЛЕШКИ АКЦИЈАШИ (ученици од ООУ Васил Главинов) |
| **Пошумување со садници багреми на патот кон црква Св. Недела, акција на која учествуваа 12 ученика од нашето училиште** | 12.12.2024 | ЗГ ВЕЛЕШКИ АКЦИЈАШИ<br><br>(ученици од ООУ Васил Главинов) |
| **Учениците се поделија во групи и добија задачи поврзани за рационално користење на енергијата. Решенијата беа претставени со столбест дијаграм** | 12.12.2024 | Александра Цветкова |
| **VII одд. -Сликање- Подводен свет** | XII месец | Снежана Стефановска со ученици од 7-1 и 7-2 |
| **VIII одд. - Сликање- Есенски пејзаж** | X месец | Снежана Стефановска со ученици од 8-1 и 8-6 |
| **VII - Сликање- Есенски пејзаж** | X месец | Снежана Стефановска со ученици од 7-1 и 7-2 |
| **VII одд.-Визуелни комуникации и дизајн- Амбалажа за производ** | XI месец | Снежана Стефановска со ученици од 7-1 и 7-2 |

| | | |
|---|---|---|
| **IX- Визуелни комуникации и дизајн-Украс, розета, арабеска изработка по сопствен избор** | XI месец | Снежана Стефановска со ученици од 9-1 и 9-6 |
| **VII одд.Цртање- кора од дрво** | IX месец | Снежана Стефановска со ученици од 7-1 и 7-2 |
| **VI одд.- Цртање- со различни текстури (пример: лист, цвет)- туш** | X месец | Снежана Стефановска со ученици од 6-1 до 6-6 |
| **VIII одд.- Сликање-Пејзаж на градски блок** | X месец | Снежана Стефановска со ученици од 8-1 и 8-6 |
| **VII одд.-Цртање-парк-молив** | XI месец | Снежана Стефановска со ученици од 7-1 и 7-2 |
| **VIII одд.- Моделирање-мобилна скулптура** | XI месец | Снежана Стефановска со ученици од 8-1 и 8-6 |
| **IX одд.Моделирање-Скулптура од најдени предмети** | XII месец | Снежана Стефановска со ученици од 9-1 и 9-6 |
| **VI одд.-Цртање мотиви од природни појави (облаци, дожд, снегулки, бура, вулкан и сл.)** | XI месец | Снежана Стефановска со ученици од 6-1 до 6-6 |
| **VIII одд Сликање-мртва природа со овошје** | XI месец | Снежана Стефановска со ученици од 8-1 и 8-6 |
| **VI одд.-Сликање-Мртва природа со овошје** | IX месец | Снежана Стефановска со ученици од 6-1 до 6-6 |
| **VI одд.-Графика-пеперутка-монотипија** | XII месец | Снежана Стефановска со ученици од 6-1 до 6-6 |
| **VIII одд -Цртање-Панорама на град или село Улица** | IX месец | Снежана Стефановска со ученици од 8-1 и 8-6 |
| **Презентација по повод „Светскиот ден на животните“** | 7.10.2024 | Ученици од I-4, I-5, II-6 со нивните наставнички и ученици од VII-6 и VIII-2, Македонка Грков и Милка Андонова |
| **Еко акција по повод 16 октомври – Светскиот Ден на храната, каде наставниците со дадените ученици делеа храна нивни соученици, наставници, родители и случајни минувачи.** | 16.10.2024 | Ученици од I-4, I-5 и II-6 со нивните наставнички, ученици од VII-6 и VIII-2, Македонка Грков и Милка Андонова |
| **Презентација по повод 29 декември-Меѓународен ден на биодиверзитетот** | 30.12.2024 | Ученици од I-4, I-5 и II-6 со нивните наставнички, ученици од VII-6 и VIII-2, Македонка Грков и Милка Андонова |
| **Проект МИО: Реализација на активности од јазик, Еко и физичко** | 23.05.2025 | Ученици од II-3, II-4, VI-4, VI-3, VII-2 и IX-1 одделение, со |

| | | |
|---|---|---|
| **образование под мотото Заедно го градиме светот** | | наставниците Катерина Стојкова, Елена Костова, Александар Табаков, Трајче Новаков и Македонка Грков |
| **Обезбедување техничка вода за наводнување** | февруар | Ученици од IX одделение и наставникот по хемија Катерина Најдов |
| **Едукативно предавање за покренување на моралот за зачувување на животната средина** | април | Ученици од IX одделение и наставникот по хемија Катерина Најдов |
| **.План за намалена потрошувачка на изворите за греење, рационално користење и планирање на изворите за греење** | Април | Ученици од IX одделение и наставникот по хемија Катерина Најдов |
| **Садење на дрвја** | Јануар | Ученици од VII одделение и наставникот по биологија Катерина Најдов |
| **. Садење на локални цвекиња** | Февруар | Ученици од VII одделение и наставникот по биологија Катерина Најдов |
| **Одржување на зеленилото (редовно кастрење на зеленилото косење на травата)** | Февруар | Ученици од VII одделение и наставникот по биологија Катерина Најдов |
| **Изработка на план за наводнување** | Април | Ученици од VII одделение и наставникот по биологија Катерина Најдов |
| **Рециклирање на хартија** | Мај | Ученици од VII одделение и наставникот по биологија Катерина Најдов |
| **Рециклирање и реупотреба на материјали: Учество на Велигденски базар** | Април | Ученици од VII-6 одделение и класен раководител Милка Андонова |
| | | |

- Ликовно образование: Во наставната програма по предметот ликовно образование беа интегрирани и ЕКО активности и теми. Во ликовните подрачја и наставни содржини беа опфатени теми кои можат да допринесат за еколошката култура на учениците. Преку совладување на наставните техники и мотивите од природата, учениците учеа за еколошката свест .
- Преку цртањето со мотиви за спортисти, дизајн на плакат за спортски натпревари учеа за влијанието на физичката активност за здравјето. Преку сликањето на пејзажи учеа да ја негуваат природата. Сликајќи теми со овошје го сватија значењето на здравата исхрана. Моделирајќи скулптури од рециклирани материјали научија за селектирање на отпадот и негова реупотреба. Преку дизајнот и визуелните комуникации учеа како преку еко содржини да ја развијат еко свеста кај пошироката заедница. Одговорен наставник: Снежана Стефановска

**8. Програми и организација на работата во основното училиште**

**8.1** Наставата се реализира според календарот за организацијата и работата во основното училиште.

**8.2 Поделба на класното раководство, поделба на часевите на наставен кадар, распоред на часовите во учебната 2024/2025 година**

| Ред. бр. | Име и презиме | Степен на образова ние | Одделение | Години на стаж |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | Маргарита Евтимова | VII | I - 1 | 16 |
| **2.** | Славица Левкова | VII | I - 2 | 27 |
| **3.** | Александра Величкова Зафировска | VII | I - 3 | 11 |
| **4.** | Паулина Ставрева | VII | I - 4 | 12 |
| **5.** | Лиљана Темелкова<br>Анита Јамалова | VII<br>VII | I - 5 | 14<br>17 |
| **6.** | Елена Клемова | VII | II - 1 | 14 |
| **7.** | Далиборка Тосева | VII | II - 2 | 10 |
| **8.** | Елена Костова | VIIa | II - 3 | 18 |
| **9.** | Катерина Стојкова | VIIa | II - 4 | 24 |
| **10.** | Билјана Радевска | VII | II - 5 | 28 |
| **11.** | Емилија Несторова<br>Викторија Лазова | VII<br>VII | II - 6 | 16<br>8 |
| **12.** | Катерина Ѓорѓиева | VII | III - 1 | 7 |
| **13.** | Христина Арилон | VII | III - 2 | 7 |
| **14.** | Сашко Чоков | VII | III - 3 | 20 |
| **15.** | Тања Зарева | VII | III - 4 | 12 |
| **16.** | Гордана Михајловска | VII | III - 5 | 25 |
| **17.** | Даниела Папазова | VII | III - 6 | 3 |
| **18.** | Лорета Рушкова | VII | IV - 1 | 5 |
| **19.** | Оливера Матева | V | IV - 2 | 31 |
| **20.** | Сања Гуџова | VIIa | IV - 3 | 17 |
| **21.** | Евица Кимова | VII | IV - 4 | 21 |
| **22.** | Оливера Нецинова | VII | IV - 5 | 26 |
| **23.** | Радмила Бабунска | VII | IV - 6 | 16 |
| **24.** | Лилјана Миланова | VII | V - 1 | 14 |
| **25.** | Виолета Гемишова | VII | V - 2 | 13 |
| **26.** | Билјана Стојкова Димовска | VII | V - 3 | 3 |
| **27.** | Анита Ѓошева | VII | V - 4 | 26 |
| **28.** | Марјана Самарџиева | VII | V - 5 | 15 |
| **29.** | Мирјана Танчева | VII | V - 6 | 14 |
| **30.** | Персида Спасевска | VII | VI - 1 | 25 |
| **31.** | Анѓел Љутков | VII | VI - 2 | 21 |
| **32.** | Славица Марковска | VII | VI - 3 | 19 |
| **33.** | Весна Димитриева | VII | VI - 4 | 14 |
| **34.** | Билјана Лепидовска | VII | VI - 5 | 24 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **35.** | Ленче Петрушевска | VII | VI - 6 | 19 |
| **36.** | Катерина Најдов | VII | VII - 1 | 14 |
| **37.** | Никола Божиков | VII | VII - 2 | 12 |
| **38.** | Веселинка Маџарова | VII | VII - 3 | 27 |
| **39.** | Весна Здравковска | VII | VII - 4 | 20 |
| **40.** | Светлана Стојановска | VII | VII - 5 | 17 |
| **41.** | Милка Андонова | VII | VII - 6 | 13 |
| **42.** | Наталија Спасиќ | Va | VIII - 1 | 33 |
| **43.** | Македонка Грков | VII | VIII - 2 | 10 |
| **44.** | Кети Тодорова | VII | VIII - 3 | 15 |
| **45.** | Весна Николова | VII | VIII - 4 | 18 |
| **46.** | Татјана Стефановски | VII | VIII - 5 | 15 |
| **47.** | Снежана Стефановска | V | VIII - 6 | 37 |
| **48.** | Трајче Новаков | VII | IX - 1 | 4 |
| **49.** | Жарко Климкаров | VII | IX - 2 | 15 |
| **50.** | Александра Крстовска | VII | IX - 3 | 17 |
| **51.** | Габриела Андонова | VII | IX - 4 | 22 |
| **52.** | Биљана Тодороска | VII | IX - 5 | 17 |
| **53.** | Каролина Попова | VIIa | IX - 6 | 16 |
| **54.** | Елизабета Славков | VII | I - Објект бр. 2 | 9 |
| **55.** | Сузана Тодорова | VII | II - Објект бр.2 | 14 |
| **56.** | Васко Бојчев | VII | III - Објект бр.2 | 15 |
| **57.** | Трајче Станковски | VII | IV - Објект бр.2 | 35 |
| **58.** | Лила Арсова | VII | V - Објект бр.2 | 28 |
| **59.** | Мариела Пановска | VII | I - V<br>ПУ с.Раштани | 15 |

### 8.3 Работа во смени

Во централното училиште и во Објект бр.2 наставата се реализира во 2 смени. Прва смена започнува од 7:30 до 12:50 часот, втора смена од 13:00 часот до 18:20. Критериум е парна смена - II, IV, VI, VIII ; непарна смена – I, III, V, VII, IX одд. Во подрачно училишта во с. Раштани наставата се реализира во една смена.

### 8.4 Јазик на кој се изведува наставата

| | **Македонски јазик** |
|---|---|
| **Број на паралелки** | 59 |
| **Број на ученици** | 1170 |
| **Број на наставници** | 85 |

### 8.5 Проширена програма

Училиштето за учениците од прво до трето одделение организира продолжен престој со учениците од иста паралелка. Во продолжен престој учениците се вклучуваат во согласност со родителот. За време на продолжениот престој учениците учат, ги работат домашните задачи, работат други училишни обврски и учествуваат во културно - уметнички и други активности, согласно со годишната програма за работа на училиштето.

Во контекст на организација на прифаќање и заштита на учениците од прво, второ и трето одделение еден час пред започнувањето на наставата и еден час по завршување на

наставата даден е распоред на наставниците, а во однос на бројот на ученици, опфатот е во зависно од потребите и интересот кај учениците и родителите.

**Распоред на дежурства и прифаќање на учениците пред и по наставата - непарна смена 2024/2025 год.**

**III спрат**

**Понеделник -** Марјана Самарџиева
**Вторник -** Христина Димовска
**Среда -** Билјана Димовска Стојкова
**Четврток** - Анита Ѓошева
**Петок** - Мирјана Танчева

**II спрат**

**Понеделник -** Лилјана Миланова
**Вторник -** Виолета Гемишова
**Среда -** Паулина Ставрева
**Четврток** - Катерина Ѓорѓиева
**Петок** - Христина Арилон

**I спрат**

**Понеделник -** Тања Зарева
**Вторник -** Сашко Чоков
**Среда -** Гордана Михајловска
**Четврток** - Даниела Бабуновска Папазова
**Петок** - Емилија Несторова и Викторија Лазова

**Распоред на дежурства и прифаќање на учениците пред и по наставата - парна смена 2024/2025 год.**

**III спрат**

**Понеделник -** Сања Гуџова
**Вторник -** Маја Бузалковска Џаневска
**Среда -** Оливера Нецинова
**Четврток** - Евица Кимова
**Петок** - Радмила Бабунска

**II спрат**

**Понеделник -** Оливера Матева
**Вторник -** Лорета Рушкова
**Среда -** Елена Клемова
**Четврток –** Паулина Ставрева
**Петок** - Далиборка Тосева

**I спрат**

**Понеделник -** Зорица Цветковска

**Вторник -** Катерина Стојкова
**Среда -** Билјана Радевска
**Четврток** - Елена Костова
**Петок** – Емилија Несторова и Викторија Лазова

**8.6 Комбинирани паралелки:**

Во подрачните училишта има 1 комбинирана паралелка:
Во ПУ с.Раштани комбинирани се паралелки од I - V (една паралелка).
Реализатор – Мариела Пановска.

**8.7 Странски јазици кои се изучуваат во училиштето**

Англиски јазик изучуваат сите ученици од I - IX одд.1170 ученици

Германски јазик - изучуваат 386 ученици

Француски јазик - изучуваат 117 ученици.

**8.8 Реализација на физичко и здравствено образование од I - V одд.**

Тандем наставата ја реализираат наставници по физичко и здравствено образование: Милан Радевски, Марија Ѓорѓиевска, Мартина Далевска, Петар Новачев и Александар Табаков.

Во дневниот престој во прво одделение работат 4 наставника (2 паралелки) со 55 ученика и во второ одделение има 1 паралека со 27 ученика. Наставата ја реализираат 2 наставника.

**Извештај за реализација на физичко и здравствено образование од I - V одд.**
**Во учебната 2024/25 год.**

Наставата по предметот Физичко и здравствено образование во I, II, III, IV и V одделение се одвиваше според годишната програма и план. Часовите се изведуваа со тандем наставник . Истата се реализира според распоредот, надвор во училишниот двор кога времето и условите се добри, во спортската сала, во малата мини сала и во училница. Наставата се одвива по предвидената динамика, сите ученици беа редовни, земаа активно учество и ги совладуваа предвидените задачи. Дел од часовите беа со ИКТ содржини. Реализирани се техники од одредени подрачја и теми со активности:

- Колку е голема важноста на физ. активност, престојот во природа за нашето здравје
- Вежби за загревање
- Вежби за раздвижување на мускулатурата на телото
- Вежби за оформување на телото
- Заеднички движења на музика и танци
- Превентивни вежби за одредени телесни деформитети
- Разни елементарни игри
- Качување и висење на гимнастички справи

Исто така беа реализирани и следниве активности:

1. Активност „Фудбал во училиште за девојчиња“ Проект за ученичките од IV и V одд. реализиран во период од 15.10.2024 до 15.12.2024 год. Проект на Федерација на училишен спорт на Македонија во соработка со Фудбалска федерација на Македонија. Ученичките реализираат по 2 тренинга неделно заедно со одговорниот наставник.

2. Активност „Забавен училишен спорт“ во која земаат учество ученици од I, II и IV одд. Активности во месец октомври, ноември и декември. Учениците имаат по една активност во неделата со различна тема, водејќи се по годишниот календарот на ЗУС.
3. На ден 22.10.2024 и 19.11.2024 год. ученичките од IV и V одд од проектот „Фудбал во училиште за девојчиња“ одиграа пријателски натпревар со ООУ „Кирил и Методиј“ од Велес, кои исто така се вклучени во овој проект. Целта е, спортот не бара само победник туку, обединување, тимски дух, фер-плеј, желба, мотивација, почитување на соиграч, почитување на противник, запознавање нови пријателства.

## 8.9 Изборна настава

Во првиот образовен период слободните изборни предмети се реализираа во вид на слободни активности што се организираат во рамки на паралелката во вид на работа во мали групи или со целата паралелка. Одделенскиот наставник им нуди на учениците избор меѓу двата вида на работа и според искажаниот интерес на мнозинството ученици во паралелката ги организира слободните активности. Доколку учениците изберат да работат сите заедно, следното што им се нуди е да изберат дали активноста ќе биде во функција на поддршка на личниот и социјалниот развој, на проширување/продлабочување на знаењата преку проектни активности, или на развивање на основни ИКТ вештини.

Во вториот и третиот образовен период, листите на слободни изборни предмети што се нудеа зависеа од интересите на самите ученици изразени на многу поконкретно ниво. Поради тоа, листите варираа од еден до друг период на основното образование. Тоа значи дека училиштето нудеше две листи – една за учениците од вториот и друга за учениците од третиот образовен период. При тоа, во секој образовен период се понуди по најмалку три изборни предмети од секоја од четирите подрачја.

При крајот на учебната 2023/24 година, училиштето, преку наставниците и стручните соработници спроведе анкета за заинтересираноста на учениците за подрачјата/ темите од секоја категорија на слободните изборни предмети. Анкетата се спроведуваа во вид на прашалник кој се задаваше на сите ученици од двата образовни циклуси и се пополнува анонимно. Прашалникот нудеше список на поголем број области од кои може да се изведат слободни изборни предмети во рамки на секоја од четирите категории. Списокот беше изготвен од страна на одговорни лица во училиштето, врз основа на понудите од наставниците и предметите избрани од страна на учениците во претходните генерации.
При тоа, во категоријата за проширување/продлабочување на знаењата беа застапени слободни изборни предмети кои се поврзани со сите задолжителни предмети (најмалку по еден избор за секој задолжителен предмет), освен со физичко и здравствено образование и со странските јазици. Дополнително, учениците имаа можност самите да додадат други теми/подрачја за кои сакаат да имаат слободен изборен предмет).

Врз основа на реализираната анкета со родителите на учениците, избрани се следните изборни предмети:
IV одд. - ОЖВ и Финансиска писменост
V одд. - Игри за разрешување на конфликти
VI одд - Религиите во светот и Етика на религиите
VII одд. изучуваат: Класична култура и Воспитување преку параболи, мудри изреки и приказни
VIII одд. изучуваат: Техничко образование, Изборен спорт, Вештини на живеење
IX одд. - Проекти од ликовна уметност, Техничко образование, Вештини за живеење, Изборен спорт.

## 8.10 Дополнителна настава

Дополнителна настава се организира за ученици од прво до деветто одделние кои во текот на редовната настава не ги постигнале очекуваните резултати за одредени наставни предмети или очекуваните резултати од одредени теми/области во рамките на наставните програми. Ученици за кои се организира дополнителната настава се: ученици со помали предзнаења за наставниот предмет или одредена тема од наставниот предмет, ученци кои покажале слаби резултати од учењето (имаат негативна оценка за тој очекуван резултат или тема), ученици што подолго време отсуствувале од настава и ученици со потешкотии во учењето.

Учениците од прво до петто одделение следат најмногу по еден час неделно дополнителна настава за најмногу два различни наставни предмети одделно. Учениците од шесто до деветто одделение може да следи најмногу по еден час неделно дополнителна настава за најмногу три различни наставни предмети одделно. Дополнителната настава за учениците трае додека тие не ги постигнат очекуваните резултати согласно наставната програма. Ученикот се вклучува во дополнителна настава по проценка на наставникот од следењето на напредокот на учениците во настава, во согласност и договор со родителот/старателот. Наставникот ја планира и реализира дополнителната настава со еден час неделно за наставен предмет во одредено одделние во текот на цела учебна година со група од најмалку 10 ученици од иста или различна паралелка од исто одделение, и со помала група ученици доколку процени наставникот придржувајќи се на наставната програма, а согласно потребите на учениците.

Наставникот континуирано го следи напредувањето на ученикот со цел да констатира дека ученикот ги надминал потешкотиите, ги постигнал очекуваните резултати или има потреба за продолжување на дополнителна настава и за истото го информира родителот, односно старателот. Доказите за напредокот на ученикот наставникот ги чува во портфолиото на ученикот. Прибраните докази му користат на наставникот за планирање на наставата, информирање на родителот, односно старателот и стручните соработници во училиштето. Динамиката на реализацијата е според распоредот за учебната 2024/25 година.

## 8.11 Додатна настава

Додатна настава се организираше за учениците кои постигнуваа значителни резултати по одделни наставни предмет и покажуваа посебен интерес за проширување и продлабочување на знаењата за одделни наставни предмети, одделна тема/област од наставен предмет.

Додатната настава ја следеа ученици од прво до деветто одделние и тоа: напредни ученици кои имаат највисока оценка за наставниот предмет, ученици што покажуваат посебен интерес за одредена област за тема/област од наставната програма и ученици што се пријавуваа за учество на натпревари.

Додатната настава ја реализираа одделенските наставници, односно наставникот по конкретниот наставен предмет за кој покажал интерес ученикот. Наставникот е планира додатната настава со еден час неделно за наставен предмет во одредено одделение во текот на целата учебна година.

Додатната настава ученикот ја следи во текот на целата учебна година или повремено во договор со наставникот, а по одлука на ученикот и во соработка со родителот, односно старателот. Додатната настава се организира во мали групи со најмногу до десет ученици од иста паралелка или различни паралелки од исто одделение. Наставникот континуирано го следи напредувањето на ученикот согласно изготвената програма со цел да го констатира развојот, да ја планира идната работа, да поставува нови предизвици за развојот на ученикот .

## 8.12 Работа со надарени и талентирани

Предмет на следење, проверување и оценување на воспитно - образовната дејност се постигнатите резултати во совладувањето на воспитно - образовните содржини, редовноста, работните навики, степенот на заинтересираност и ангажираност во учењето и практична оспособеност за примена на знаењата.

Постигнувањета на учениците се вреднуваат со примена на различни стратегии на оценување. Следењето и оценувањето се насочени кон оценување на процесот на учење, активностите кои се практикуваат, способности и вештини кои се развиваат. Поголем акцент се става на продуктивното знаење кое ќе биде употребливо во нови ситуации и за решавање нови проблеми со цел да се оспособат учениците за продолжување на образованието на академско ниво и вклучување во процесот на трудот. Стручната служба дава континуирана поддршка на учениците за нивната професионална ориентација.

За учениците кои постигнуваат солидни резултати, училиштето има изградено критериуми за избор на најдобри ученици и согласно со критериумите истите се наградуваат и пофалуваат. Нивните успеси се промовираат и во пошироката јавност преку јавни настапи и електронски медиуми.

**Просечни постигнувања по наставни предмети на учениците**






**VII одд.**




**VIII одд.**




**IX одд.**




**Општиот успех на учениците на крајот од учебната 2024/2025 година**




**Постигнувања на учениците од VI - IX одд. изразено во проценти**




**Просечни постигнувања на учениците во последните 3 учебни години**




## 15.2 Професионална ориентација на учениците

Професионалната ориентација е научно стручна постапка со која поединецот се насочува на она подрачје на работа кое најповеќе соодвествува на неговите психофизички способности, особини на личноста и друштвени потреби во кои има најмногу можности да успее.

Професионалната ориентација се темели на индивидуалните разлики во способностите и особините што се согледуваат од:

- психофизичкиот развој на ученикот
- однесувањето
- успехот во учењето
- воннаставни активности
- интересот на ученикот за поедини области и предмети

Од особена важност се и податоците кои се добиваат при уписот на ученикот во I одделение:

- нивото на предзнаења на учениците
- сензорни способности
- навики
- говорот
- здравствената состојба
- потешкотии во развојот

Значајни се податоците и при преминот на ученикот од одделенска во предметна настава, како и податоците утврдени во VIII и IX одделение. Од тие причини неопходно е учениците да се следат континуирано.

Целта на професионалната ориентација во училиштето е: учениците да бидат заинтересирани за својата професионална иднина и да превземат одговорност за своите одлуки, да се зголеми мотивираноста за учење.

Да бидат способни да:

- Ги спознаат сопствените желби, вредности, интереси, склоности
- Ги воочат и проценат сопствените таленти и способности
- Се стекнат со повеќе детали и увид во можностите за образование и избор на професија кои се во согласност со нивните интереси
- Размислат за можностите за образование/професија, и да стекнат непосредно

искуство од средбите со претставници на одделни професии и работни места
- Ги препознаат актулените професии како и варијабилноста и променливоста на истите со текот на времето
- Ги согледаат влијанието на новите технологии на различни области на занимање и живот
- Ги земат во предвид раизиците по однос на здравјето во определени професии на работа
- Препознаат различни можности за образование кои се во согласност со нивните специфични барања и компетенции
- Изградат лична стратегија за планирање на нивното образование, кариера и живот
- Ги надминат стереотипите и да ја почитуваат родовата еднаквост во изборот на професија.

**Активности во училиштето за професионална ориентација**

Поаѓајќи од целта на професионалната ориентација и карактеристиките на возраста, способностите и интересите на учениците во рамките на училиштето се реализираат следните активности:

- Професионално советување од страна на стручната служба, насочени кон оспособување на учениците за согледување на своите психофизички, развојни и интелектуални капацитети.
- Работилниците со учениците имаат за цел тие да се запознаат со значењето на професионалниот избор, да им се даде увид во значењето на релевантните информации, да се укаже на значењето и влијанието на надворешните фактори при изборот на идната професија (родители, врсници, училиштето), учениците да се запознаат со предрасудите кон одредени занимања (професии) и предрасудите воопшто.
- Учениците од IX одд. се тестираат со тест за професионални интереси и способности
- Вклучување на предметните наставници низ процесот на наставата во контактот со учениците да даваат повратни информации за нивната успешност од поедини предмети;
- Насочување на учениците од страна на наставниците за нивно вклучување во слободните ученички активности;
- Изборните предмети во функција на мотивираност на учениците и нивно подготвување за живот.
- Информирање на учениците од страна на педагошко-психолошката служба за Конкурсот за упис во средно училиште за учебната 2025/26 година.
- Запознавањето со програмите на средните училишта –учениците ги посетија средните училиште каде имаше промоција на нивните програми. Исто така и преставници од средните училишта даавaa детелни информации за своето училиште
  Тим за професионална ориентација на учениците: училишен психолог, педагог и наставници - одделенски раководители во IX одд**.**

.

## 15.3 Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација

**Превентивни програми**

Училиштето презема активности за превенција од насилното однесување на учениците, подигнување на свеста кај учениците за взаемно почитување, толеранција и последици од дискриминација. Училиштето има училишна политика за намалување на насилното однесување на учениците во училиштето, почитување на кодекси на однесување,

конструктивно разрешување на проблемитеи и мерките кои ги превзема училиштето за намалување на насилното однесување.

Во училиштето се реализираа повеќе превентивни програми: Превенција од сајбер насилство, Безбедни училишта - хармонична средина, превенција од семејно насилство, превенција од вирусни инфекции, превенција од ТБЦ, превенција од болести на зависност, превенција од трговија со деца. Со учениците се обработуваа теми за конструктивно разрешување на конфликти, вештини на комуницирање, видови на насилство, решавање на лични проблеми, запознавање на учениците со институциите во кои можат да се обратат. Во училиштето се реализира и Програма за Советување на родители.

**Безбедност во училиштето**

Училиштето има изработен план за движење при евакуација и на секој спрат се поставени скици на кои се претставени сите излези и влезови во училиштето и најбрзиот пат да се стигне до нив. Определени се наставници се одговорни за организирање активности во ситуација на несакани елементарни непогоди. Континуирано се спроведува и програмата за поддршка на ученици кои не го почитуваат Кодексот на однесување, се одржуваат работилници и онлајн дискусии.

Од страна на педагошко – психолошката служба во училиштето е изготвен Акциски план за безбедноста и добросостојбата на учениците во училиштето и секоја паралелка одржува 2 пати месечно работилница за зајакнување на менталното здравје на учениците.

**Позитивна социо - емоционална клима**

Еден од факторите кој влијае врз создавањето на пријатна, стимулативна и креативна атмосфера во одделението е успешната комуникација. Таа е значајната детерминанта со која на учениците им се даваат еднакви можности во контекст на нивните афинитети. Ученици кои имаат емоционални проблеми добиваа поддршка во развивањето на способностите и вештините кои ќе им овозможат напредок. Покрај тоа што им даваат совети и насоки на наставниците и родителите за работа со децата што се соочуваат со потешкотии во учењето , стручните соработници, во многу случаи даваат и интервентна или подолготрајна индивидуална, непосредна, директна поддршка на некои од овие ученици. Поддршка се даваше и за полесно справување со стрес и грижа за своето ментално здравје.

На ниво на училиште се реализираа 968 работилници од областа на менталното здравје. Преку овие работилнилници учениците стекнуваа знаења и вештини за техники за (само)помош и помош од врсници во справувањето со стресот и негативните емоции во училишната средина. Со нивната примена се зголемува личната благосостојба на учениците и наставниците

Учениците учеа за препознавање на важноста на менталното здравје и дека постојат начини да се издржуваат и да се ублажат непријатните емоции и настани . Тоа влиаеше на зајакнување на самодовербата, зајакнување на позитивните искуства, препознавање знаци на стрес и анксиозност, техника за релаксација на стресот,

Преку поттикнување на самопомош и помош од врсници да се намали или спречи синдром на исцрпеност и други ризици за менталното здравје

**Етички кодекси**

Во училиштето има кодекси на однесување на учениците, наставниците и родителите кои се истакнати во холот на училиштето и во сите училници. Учениците, наставниците и родителите по потреба ги надополнуваат овие кодекси и на самите часови и состаноци на ученичките заедници, наставничките совети, родителски состаноци, совети на родители, се потсетуваме на правилата кои мора да ги почитуваат сите структури во училиштето за подобро одвивање на образовниот процес, но и надминување на критичните точки во комуникацијата.

**Програмата за антикорупциска едукација на учениците**

Дел од содржините се интегрирани во реализацијата на наставните програми. Целта на оваа програма е учениците да се запознаат со поимите корупција, антикорупција, интегритет и етичност; да се запознаат што значи „одолевање на социјален притисок“; да зна ат за облиците во кои може да се појави корупцијата и начинот на спречување и заштита од истата; да ги препознаваат механизмите за спречување на корупцијата. Да го сфатат штетното влијание на корупцијата во општеството; да се стават во улога на активен граѓанин кој ќе придонесе за развојот на Република Северна Македонија.

## 16.Оценување на учениците

### 16.1 Видови оценување и календар на оценување

Оценувањето на учениците е формативно и сумативно. Се имплементираат стандарди и критериуми на оценување, почитување и примена на основните принципи на оценувањето, учениците се вклучени во процес на оценување и самооценување, наставниците имаат перманентна стручна поддршка. Учениците се оценуваат описно и бројчано според три развојни периоди. Учениците од I до III одделение се оценети описно, а учениците од IV до IX одделение се оценети бројчано. Постигнувањата на учениците континуирано се следат.

### 16.2. Тим за следење, анализа и поддршка

Тимот за следење, анализа и поддршка на усогласеноста на оценувањето со предвидените стандарди, во оваа учебна година 2024/25 година во состав од директорот на училиштето, помошник директор и стручните соработници ги анализира резултатите од следењето на реализација на наставата, усогласеноста на оценувањето со предвидените стандарди.

При следењето на стилот на работа и начинот на оценување на секој наставник со утврдување на начинот на примена на иновативни и креативни модели на квалитетно оценување со следење на стандардите на оценувањето, се поддржуваат успешните идеи и се презентираат наостанатите колеги на одделенските часови - состаноци за споделување на добра пракса. На отворени часови на актив на одделенски наставници и предметни групи се споделуваат примери на добра пракса, примена на иновативни техники и модели на учење.

### 16.3 Стручни посети за следење и вреднување на работата на воспитно образовниот кадар

Тимот за следење и вреднување на работата на воспитно - образовниот кадар има изготвеноинструменти за следење на според однапред утврдени критериуми. Целта е утврдување на нивото на реализација на наставните цели од програмата следење на постигнувањата на учениците и нивното напредување, согласно стандардите на програмата, постапката на приод од наставник кон ученик со потешкотии во учењето и/или работа со талентиран, односно ученик со посебна програма за работа. При откривање на поединец наставник кој има потешкотии во работата се приоѓа кон подршка за подобрување на работењето. Доколку се утврдат со анализите потреби за поддршка на наставници кои имаат

поголеми успеси се мотивираат да се вклопат во дополнителни тимови за претставување на училиштето преку натпревари, базари, соработки со училишта, презентации во локалната самоуправа и слично.

Соработката со други воспитно - образовни институции надвор од училиштето и оваа учебна година се одвива во континуитет преку активна двонасочна комуникација со тенденција истата да се продлабочи. Контактите со МОН, ДПИ и БРО ќе продолжат да се одвиваат согласно нивните побарувања за податоци и информации за ажурирање на нивната работа.

## Извештај за стручни посети за следење и вреднување на работата на воспитно - образовниот кадар

Во согласност со тековните активности на стручната служба при ООУ „Васил Главинов“ Велес, во текот на учебната 2024/2025 година континуирано се реализираа посети на часови со цел следење и вреднување на работата на воспитно образовниот кадар. Посетите беа реализирани од страна на Директорот на училиштето, помошник директорот и стручните соработници: М-р Александар Домазетов -педагог, Лидија Хаџиарсова - психолог, Тања Индова и Сања Ѓорѓиевска специјални едукатори и рехабилитатори.

Во овој период беа реализирани вкупно 92 посети за следење и вреднување на работата на воспитно-образовниот кадар при изведувањето на наставата. При стручните посети за следење и вреднување на работата на воспитно – образовниот кадар беше забележано дека наставата се одвива според предвидената динамика, со примена на дигитални алатки и иновативни методи на учење. Наставниците многу вешто ги користат сите можности кои ги нуди СМАРТ таблата за подобрување и осовременување на наставниот процес.
При стручните посети за следење и вреднување на работата на воспитно – образовниот кадар, можеше да се забележи дека наставните содржини се реализираат согласно наставната програма за оваа учебна година. Планираните цели беа реализирани во целост.
Се констатираше дека учениците со ПОП работат според ИОП, изготвен од страна на соодветниот одделенски или предметен наставник. Наставниците ги стимулираа и мотивираа овие ученици да земат активно учество на часот согласно нивните способности.

### 16.4 Самоевалуација на училиштето

Самоевалуација на училиштето се реализираше од март до јуни оваа учебна 2024/25 година.

Формирана е комисија за СЕУ и тимови по подрачја на квалитет.

На сите вработени во училиштето им се презентираше целта на СЕУ и текот на процесот. Имаше и интерни обуки од страна на педагошко-психолошката служба за јакнење на капацитетите на членовите на тимовите за самоевалуација, како и планирање на процесот на самоевалуација

Во спроведувањето на СЕУ (2023-2025) тимовите работеа во 4 фази: 1.Подготовка, 2.Собирање податоци, 3. Анализа на податоците, 4.Пишување извештај.

.

Со СЕУ четирите тима ги утврдија јаките страни на училиштето, слабите страни и приоритетите. Ова беше основа за изготвување на Развојната програма на училиштето.

## 17. Безбедност во училиштето

Училиштето има изработен план задвижење при евакуација и на секој спрат се поставени скици на кои се претставени сите излези и влезови во училиштето и најбрзиот пат да се стигне до нив. Определени се наставници кои се одговорни при несакани елементарни непогоди.

Континуирано се спроведува и програмата за поддршка на ученици кои не го почитуваат Кодексот на однесување, се одржаа работилници и трибини.

Од страна на педагошко – психолошката служба во училиштето е изготвен Акциски план за безбедноста и добросостојбата на учениците во училиштето и секоја паралелка одржува 2 пати месечно работилница за зајакнување на менталното здравје на учениците и конструктивно разрешување на конфликти.

## 18.Грижа за здравјето

**Годишен извештај за учебната 2024/25 год. за грижа и здравје на учениците**

Во учебната 2024/2025 година во рамки на активностите за грижа на здравјето на учениците се остварени следните активности:

| **Годишен извештај за грижа за здравјето на учениците** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Активности | Цели | Реализатори | Време на реализција | Ресурси | Очекувани ефекти (евалуација) |
| Одржување на личната хигиена и хигиената на училиштето | Да прфаќаат лична одговорност во одржување на хигиената во училницата и во непосредното опкружување; | Наставници, ученици | 03.09.2024 | средства за хигиена | Учениците да се оспособат, осознаат и сознаат за тоа што е лична хигиена, да прифаќаат одговорност за одржување на истата, да практикуваат хигиенски навики, кои се и како да се заштитат од заразните болести и како да го користат слободното време во насока да го подобрат нивното здравје и да ги прошират своите знаења. |
| Договор за одржување на хигиената во училницата од страна на дежурните ученици | да се стекнат навики за одржување на хигиената во училницата и чување на инвентарот | одделенски наставници | 10.09.2024 | средства за хигиена | чиста училница |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Предавање на тема: „Превенција и заштита, оджување на хигиена за спречување на вирусни и заразни болести | Да се научи дека хигиената е еден од најважните фактори за превенција од вирусни и заразни болести. | второ и четврто одделение | 10.09.2024 | Компјутер Смарт табла Работни листови | Учениците знаат дека хигиената е важен услов за превенција од вирусни и заразни болести |
| Личната и колективната хигиена предуслов за добро здравје | Да се оспособуваат редовно да практикуваат хигиенски навики; | Наставници, ученици | 27.09.2024 | | Учениците да се оспособат, осознаат и сознаат за тоа што е лична хигиена, да прифаќаат одговорност за одржување на истата, да практикуваат хигиенски навики, кои се и како да се заштитат од заразните болести и како да го користат слободното време во насока да го подобрат нивното здравје и да ги прошират своите знаења. |
| Примена на физичката активност и здравата исхрана како услов за здрав живот | да се стекнат навики за здрава исхрана и здрав живот на живеење | одделенски наставници | 30.09.2024 | презентација и работни листови | здрави и среќни деца со свесни навики за здрав живот |
| Дискусија на тема „Грижа за околината“,позитивни и негативни влијанија на човекот врз околината, придобивки од заштеда на вода. | | второ одделение | 02.10.2024 | | |
| Развивање еколошки навики: Хортикултурно уредување за почист воздух | Да осознаваат различни начини за користење на слободното време и да | Наставници, ученици | 18.10.2024 | Прирачници, интернет пребарувачи | Учениците да се оспособат, осознаат и сознаат за тоа што е лична хигиена, да прифаќаат |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | согледаат дека слободното време може да се искористи за одржување и подобрување на општата здравствена состојба и за проширување на своите знаења | | | | одговорност за одржување на истата, да практикуваат хигиенски навики, кои се и како да се заштитат од заразните болести и како да го користат слободното време во насока да го подобрат нивното здравје и да ги прошират своите знаења. |
| | | | | | |
| Стоматолошки систематски прегред | | Ученици од 7мо одделение | Септември/ Октомври | | |
| Редовен систематски преглед<br><br>-Систематски преглед-сите ученици родени 2012<br><br>- Вакцинација против DI TE POLIO за учениците родени во 2011 год. | -утврдување на општата здравствена состојба на учениците | ЈЗУ „Здравен дом“ - Велес | 01.11.2024<br><br>-ноември<br><br>- 05.11.2024 | | Учениците да се оспособат, осознаат и сознаат за тоа што е лична хигиена, да прифаќаат одговорност за одржување на истата, да практикуваат хигиенски навики, кои се и како да се заштитат од заразните болести и како да го користат слободното време во насока да го подобрат нивното здравје и да ги прошират своите знаења |
| Редовен систематски преглед | -утврдување на општата здравствена состојба на учениците | Ученици од трето одделение | 04.11-11.11.2024 | | Учениците да се оспособат, осознаат и сознаат за тоа што е лична хигиена, да прифаќаат |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| -<br>Редовен систематски преглед | | - Ученици од деветто одделение | -30.10.2024 | | одговорност за одржување на истата, да практикуваат хигиенски навики, кои се и како да се заштитат од заразните болести и како да го користат слободното време во насока да го подобрат нивното здравје и да ги прошират своите знаења |
| Стоматолошки систематски преглед | -утврдување на состојбата на забалото на учениците и евентуални аномалии<br>-заливање на забите | Центар за јавно здравје - Велес | 1,2.10.2024 | | |
| Работилница за Ментално здравје: Тоа сум јас во организација на МОН и основните училишта | Да се научи дека здравите навики како здрава исхрана,одмор и физичка активност се главни фактори за добро здраве и здрав живот. | второ ,четврто и осмо одделение | 05.11.2024 | Компјутер<br>Смарт табла<br>Работни листови | Учениците применуваат здрави навики како услов за здрав живот |
| Работилница за Ментално здравје: Моето тело и моите чувства (љубов) во организација на МОН и основните училишта | | второ одделение | 15.11.2024 | | |
| Работилница: Препознавање и изразување на сопствените емоции | Да се научи како правилно да се однесува во различни ситуации и како да се | IV-то одд | 28.11.2024 | Компјутер<br>Смарт табла<br>Работни листови | **Учениците успешно ги препознаваат и ги изразуваат своите емоции** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | справува со сопствените емоции. | | | | |
| 1 Декември - Меѓународен ден за борба против сидата | Да се оспособуваат за користење на едноставни заштитни мерки и прифаќаат совети за заштита | | 02.12.2024 | | Учениците да се оспособат, осознаат и сознаат за тоа што е лична хигиена, да прифаќаат одговорност за одржување на истата, да практикуваат хигиенски навики, кои се и како да се заштитат од заразните болести и како да го користат слободното време во насока да го подобрат нивното здравје и да ги прошират своите знаења. |

## 18.1 Хигиена во училиштето

Училиштето има изготвено протоколи за Организација и хигиена на просторот во училиштето (влегување и излегување од училиштето, чистење, дезинфекција и проветрување на просторот, работна облека и сл.).

За редуцирано влегување и излегување на учениците, училиштето има воспоставен систем и ознаки за еднонасочно движење на учениците во училиштето, во училишниот простор, ходниците и училниците поставени се едукативно информативни материјали и насоки за заштита на здравјето и безбедноста во училиштето. Организацијата на одморите помеѓу часовите е организиран според однапред утврден протокол од страна на училиштето.

## 18.2 Систематски прегледи

Организирањето и реализацијата на систематските прегледи и стоматолошките прегледи, залевањето на заби, вакцинациите на учениците е во соработка со Здравствен дом - Велес.

Со систематски прегледи беа опфатени учениците од:
III одделение – систематски преглед во ноември 2024 год.

V одделение – систематски преглед во ноември, 2024 год.
VII одделение – систематски преглед во ноември, 2024 год.
IX одделение – систематски преглед во октомври, 2024 год.

Учениците од одделенска настава на систематските прегледи се придружувани од своите одделенски раководители и родители.

V одделение – систематски стоматолошки преглед во декември 2024/јануари, 2025 год.
VI одделение – систематски стоматолошки преглед во октомври, 2024 год.
VII одделение – систематски стоматолошки преглед во септември, 2024 год.

За учениците од второ и четврто одделение беше организирано предавање на тема: „Превенција и заштита, оджување на хигиена за спречување на вирусни и заразни болести“

## 18.3 Вакцинација на учениците

Во текот на учебната 2024/2025 година вакцинацијата на учениците се реализира со предвидената динамика на ЈЗУ Велес. Односно беа вакцинирани учениците во:
VIII одделение – вакцина со DiTe Polio на ученици родени 2011 год.- во декември, 2024 год.

## 18.4 Едукација за здрава исхрана

Училишниот тим за здрава храна ја реализира програмата за едукација на учениците за здрава храна во која севклучени едукативни предавања. Покрај тоа, наставниците на часот на одделенската заедница обработуваат теми за здрава храна. На редовните часови обработуваат содржини поврзани со здравиот начин на исхрана и живеење. Здравата исхрана подразбира внесување на балансирано количество на протеини, јаглени хидрати, масти, витамини и минерали. Здравата исхрана се базира на внесување на поголеми количини на протеини и јагленохидрати, а помалку масти. Во исхраната посебно е важен внесот на витамини и минерали, кои ги има најмногу во свежото овошје и зеленчук. Со здрава исхрана, како и со редовна физичка активност, се овозможува зачувување на здравјето, а се намалува и вишокот на телесна тежина, која е исто така важен фактор на ризик за повеќе заболувања.

# 19. Училишна клима

## 19.1 Дисциплина

Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда и училишниот двор и истите ги реализира според планираното. Инфраструктурата во училиштето е безбедна и не претставува потенцијална опасност од повреди на учениците.

Во училиштето се забранува секаков облик на насилство манифестиран од страна на возрасните и учениците и се наведуваат механизми за справување со евентуална појава на насилство.Изготвен е протокол за превенција од насилство, како и кодекси на однесување на вработените и учениците и куќен ред на училиштето и истите се достапни за сите.

За подобрување на училишната дисциплина во училиштето, се вклучени сите субјекти во училиштето како и родителите. Навремено се преземаат конкретни мерки (идентификација на ученици кои не го почитуваат кодексот на однесување, советодавни разговори со нив, вклучување на родителите, дежурства на наставниците). За дежурствата на наставниците изработен е распоред.

**Преглед на изостаноците на учениците**

| одделение | оправдани | неоправдани | вкупно изостан. по одделение |
|---|---|---|---|
| I одделение | **5142** | **0** | **5142** |
| II одделение | **2058** | 3 | **2061** |
| III одделение | **3646** | 0 | **3646** |
| IV одделение | **2397** | 0 | **2397** |
| V одделение | **3072** | 0 | **3072** |
| VI одделение | 5490 | 88 | **5578** |
| VII одделение | 5085 | 509 | **5594** |
| VIII одделение | 7709 | 54 | **7763** |
| IX одделение | 7562 | 198 | **7760** |
| I - V одделение | **16315** | **3** | **16318** |
| VI - IX одделение | 25846 | 849 | **26695** |
| I - IX одделение | 42161 | 852 | **43013** |




**Поведение на учениците**

| одделение | примерно | добро | незадоволително |
|---|---|---|---|
| **I одделение** | 138 | 0 | 0 |
| **II одделение** | 132 | 0 | 0 |
| **III одделение** | 137 | 0 | 0 |
| **IV одделение** | 121 | 0 | 0 |
| **V одделение** | 139 | 0 | 0 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **VI одделение** | 126 | 0 | 0 |
| **VII одделение** | 120 | 1 | 3 |
| **VIII одделение** | 121 | 0 | 0 |
| **IX одделение** | 131 | 1 | 0 |
| **I - V одделение** | 667 | 0 | 0 |
| **VI - IX одделение** | 498 | 2 | 3 |
| **I - IX одделение** | 1165 | 2 | 3 |

Со примерно поведение се оценети 1165 ученици, со добро 2 ученика и 3 ученик со незадоволително поведение.

## 19.2 Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Во текот на целата учебна година учениците, наставниците и останатите вработени во училиштето водат грижа за естетско и функционално уредување на просторот во училиштето и опкружувањето. Во училиштето континуирано работи тим за естетско уредување на холовите и училишниот двор. Активностите се насочени кон уредување и одржување на училниците и кабинетите, катчињата со ученички изработки во училишните ходници, уредување на училишниот двор и останатите простории во училиштето. По повод Новогодишните празници беа украсени холовите и училниците доловувајќи пријатна предновогодишна атмосфера.

Во сите активности се вклучени сите ученици без разлика на нивната етничка и национална припадност.

## 19.3 Етички кодекси

Во училиштето има кодекси на однесување на учениците, наставниците и родителите кои се истакнати во холот на училиштето и во сите училници. Учениците, наставниците и родителите по потреба ги надополнуваат овие кодекси и на самите часови и состаноци на ученичките заедници и ученичкиот парламент, наставничките совети, родителски состаноци, совети на родители се потсетуваме на правилата кои мора да ги почитуваат сите структури во училиштето за подобро одвивање на образовниот процес, но и надминување на критичните точки во комуникацијата.

## 19.4 Односи меѓу сите структури

Во основата на успешното подобрување на училиштето е тимската работа и постојано то професионално усовршување. Чувството на колегијалност и меѓусебна поддршка создава култура на доверба кај персоналот и има поголема подготвеност за прифаќање на новите идеи. Односот помеѓу наставниците и учениците се базира на взаемно почитување.
Училиштето е отворено за соработката со надворешните лица, од посредното и непосредното опкружување.

На ниво на училиште континуирано се води грижа за подобрување на комуникацијата на сите нивоа. Училиштето има изготвено: Кодекс на однесување за вработени, ученици и родители; Еко кодекс; Правилник за однесувањето на учениците во училиштето и училишниот двор; Правилник за изрекување педагошки мерки на учениците; Процедури за превенција од физички повреди и елементарни непогоди,превенција од насилство.

Раководниот тим  разменува мислења и идеи за тековните проблеми и прашања од работата на училиштето. Останатите субјекти (ученици, родители) постојано се консултираат преку состаноци, усни и писмени известувања, а нивните мислења доколку се во согласност со политиката на училиштето, секогаш се почитуваат. Преку почитување на Законот за основно образование и интерниот Правилник кој е изготвен  на ниво на училиште, училиштето има политика во врска со дисциплината, дисциплинските мерки и поведението на учениците и вработените.

За сите тековни активности сите заинтересирани субјекти (наставници, родители, ученици) благовремено се информирани. Училиштето тековно дава поддршка за унапредување на здравјето преку систематските пргледи и превентивните прегледи за хигиена, преку предавања организирани од стручни лица. Стручната служба преку различни методи на работа врши советувања на родители чии деца покажуваат социјална неадаптираност, деца со агресивно однесување и деца чие однесување е резултат на несредени семејни односи, согласно нивните индивидуални потреби. Во училиштето е формиран инклузивни тим, кој  гради заедничко разбирање за посебните потреби на учениците и ја планираат, насочуваат и следат севкупната работа поврзана со зголемување на инклузивноста на училиштето. За да се подобри квалитетот на училиштето се вршат анализи на резултатите добиени на полугодието и врз основа на сознанијата се прават планирања за следното полугодие.

## 20. Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

Развојните програми во училиштето кои се однесуваат на професионалниот развој на наставниците се изготвуваат така што ги мотивираат и оспособуваат наставниците за квалитетна работа која  им помага за подобра ефикасност во наставниот процес, успех на секој учесник како поединец и училишната организација како целина. Наставниците не се само корисници на професионалното знаење кое го произведуваат други, тие продуцираат и нови знаења. Тие се одговорни пред новите барања и преземаат активности како дел од промените во училиштето и пошироката општествена средина.

**Годишен извештај за професионален развој**

**- посетени обуки, вебинари, семинари – реализатор, временска рамка и целна група 2024/2025 година**

**Стручен актив на прво одделение**

| Име и презиме на наставник | Наслов на обука / семинар | Реализатор на обука / семинар | Целна група |
|---|---|---|---|
| **Маргарита Евтимова**<br>**Славица Левкова**<br>**Александра Величкова Зафировска**<br>**Лиљана Темелкова**<br>**Анита Јамалова**<br>**Паулина Ставрева**<br>**Сања Јорданова Николова**<br>**Елизабета Славков** | Развивање на дигитални компетенции на наставниците за успешна професионална соработка во училиштето | ЗОН Учител | Наставници |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Маргарита Евтимова**<br>**Славица Левкова**<br>**Александра Величкова Зафировска**<br>**Лиљана Темелкова**<br>**Анита Јамалова**<br>**Паулина Ставрева**<br>**Сања Јорданова Николова**<br>**Елизабета Славков** | Компетентни наставници градат идни лидери и сонувачи | ЗОН Учител | Наставници |
| **Маргарита Евтимова**<br>**Славица Левкова**<br>**Александра Величкова Зафировска**<br>**Лиљана Темелкова**<br>**Анита Јамалова**<br>**Паулина Ставрева**<br>**Сања Јорданова Николова**<br>**Елизабета Славков** | Влијанието на физичката активност врз когнитивните способности кај учениците | ЗОН Учител | Наставници |
| **Лиљана Темелковска**<br><br>**Славица Левкова** | Стратегии и методи за работа со ученици со АДХД во училница | ОУРЦ ,,Маца Ѓ.Овчарова" | Наставници |
| **Лиљана Темелковска**<br><br>**Славица Левкова** | Стратегии и методи за ученици со аутистичен спектар на нарушување | ОУРЦ ,,Маца Ѓ.Овчарова" | Наставници |
| **Сања Јорданова Николова** | Препознавање и соодветна реакција на сите видови насилство- примери на добри практи" | Песталоци фондација | Наставници |
| **Маргарита Евтимова**<br>**Паулина Ставрева**<br>**Сања Јорданова Николова** | Изработка на специфични дидактички помагала,нагледни средства за полесно совладување на наставните содржини | ОУРЦ ,,Маца Ѓ.Овчарова" | Наставници |
| **Маргарита Евтимова** | Воспитание во современ контекст | Тетовски универзитет | Наставници |
| **Маргарита Евтимова**<br>**Славица Левкова**<br>**Александра Величкова Зафировска**<br>**Лиљана Темелкова**<br>**Анита Јамалова**<br>**Паулина Ставрева**<br>**Сања Јорданова Николова** | Изработка на дидактички помагала | ОУРЦ ,,Маца Ѓ.Овчарова" | Наставници |
| **Маргарита Евтимова**<br>**Александра Величкова Зафировска**<br>**Лиљана Темелкова**<br>**Паулина Ставрева**<br>**Сања Јорданова Николова** | Компетентни наставници градат идни лидери и сонувачи | ЗОН Учител | Наставници |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Маргарита Евтимова**<br>**Александра Величкова Зафировска**<br>**Лилјана Темелкова**<br>**Паулина Ставрева**<br>**Сања Јорданова Николова** | Развивање на дигитални компетенции на наставниците за успешна професионална соработка во училиштето | ЗОН Учител | Наставници |
| **Маргарита Евтимова**<br>**Александра Величкова Зафировска**<br>**Лилјана Темелкова**<br>**Паулина Ставрева**<br>**Сања Јорданова Николова** | Вовед во еТвининг платформата и употреба на дигитални алатки | ЗОН Учител | Наставници |
| **Маргарита Евтимова**<br>**Александра Величкова Зафировска**<br>**Лилјана Темелкова**<br>**Паулина Ставрева**<br>**Сања Јорданова Николова**<br>**Анита Јамалова** | Влијанието на физичката активност врз когнитивните способности кај учениците | ЗОН Учител | Наставници |
| **Маргарита Евтимова**<br>**Александра Величкова Зафировска**<br>**Лилјана Темелкова**<br>**Сања Јорданова Николова**<br>**Анита Јамалова** | ЗА МЕТОДИТЕ како мостови на учење кои ги поврзуваат умовите и срцата на учениците“ | ЗОН Учител | Наставници |
| **Александра Величкова Зафировска** | Примена на асистивна технологија | Здржение за асистивна технологија ,, Отв орете ги прозорците,, | Наставници |

**Стручен актив на -II (второ) одделение**

**Претседател:М-р Елена Костова**

| **Име и презиме на наставник** | **Наслов на обука / семинар** | **Реализатор на обука / семинар** | **Целна група** |
|---|---|---|---|
| **Елена Клемова**<br>**Далиборка Тосева**<br>**Елена Костова**<br>**Катерина Стојкова**<br>**Билјана Радевска**<br>**Емилија Несторова**<br>**Викторија Панзова** | :„Воспитание во современ контекст : развивање на социоемоционални вештини кај учениците“ | Тетовски универзитет , јуни – јули 2024година | Одделенска настава |
| **Сите наставници од второ одделение** | „Изработка на специфични дидактички помагала,нагледни средства за полесно совладување на наставите содржини | ОУРЦ „Маца Овчарова“ ,август 2024 година | Одделенска настава |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Сите наставници од второ одделение** | Развивање на дигитални компетенции на наставниците за успешна професионална соработка во училиштето“ | ЗОН октомври 2024 година | Одделенска настава |
| **Сите наставници од второ одделение** | „Компетентни наставници градат идни лидери и сонувачи“ | ЗОН ,ноември 2024 година; | Одделенска настава |
| **Сите наставници од второ одделение** | „Влијанието на физичката активност врз когнитивните способности кај учениците“ | ЗОН , декември 2024 година | Одделенска настава |
| **Сите наставници од второ одделение** | „Законски обврски,стратегии и примери на добри пракси за заштита и учество на учениците“ | СмартАП, ЕДУЛАБ ,декември 2024 година; | Одделенска настава |
| **Сите наставници од второ одделение** | :Препознавање и соодветна реакција на сите видови насилство – примери на добри пракси“ | СмартАП ,ЕДУЛАБ , декември 2024 година; | Одделенска настава |
| **Сите наставници од второ одделение** | „Вовед во E-twining платформата и употреба на дигитални алатки“ | Сектор за координација и реализација на европски програми и мрежи | Одделенска настава |
| **Сите наставници од второ одделение** | „Вовед во E-twining платформата и употреба на дигитални алатки“ | ЗОН | Одделенска настава |
| **Сите наставници од второ одделение** | „За методите како мостови на учење кои ги поврзуваат умовите и срцата на учениците“ | ЗОН учител | Одделенска настава |

**Стручен актив на 3 одделение**

**Претседател: Даниела Папазова Бабуновска**

| **Име и презиме на наставник** | **Наслов на обука / семинар** | **Реализатор на обука / семинар** | **Целна група** |
|---|---|---|---|
| **Сашко Чоков**<br><br>**Катерина Ѓоргиева** | „Законски обврски, стратегии и примери на добри пракси за заштита и учество на учениците“ | Едулаб вебинари | наставници |
| **Сашко Чоков** | „ Препознавање и соодветна реакција на сите видови насилство- примери на добри практики“ | Едулаб вебинари | наставници |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Даниела Папазова Бабуновска**<br>**Катерина Ѓоргиева** | „Емоционално насилство и како да го надминеме“ | ИН Асоцијација | Наставници, родители |
| **Тања Зарева** | „ Компетентни наставници градат идни лидери и сонувачи“ | ЗОН Учител | наставници |
| **Даниела Папазова Бабуновска** | „ Влијанието на физичката активност врз когнитивните способности кај учениците | ЗОН Учител | наставници |
| **Даниела Папазова Бабуновска**<br>**Тања Зарева** | Развивање на дигитални компетенции на наставниците за успешна професионална соработка во во училиштето“ЗОН Учител | ЗОН Учител | наставници |
| **Сашко Чоков** | Справување со врсничко насилство и кибер насилство | МОН - Биро за развој на образованието | наставници |
| **Даниела Папазова Бабуновска** | Зајакнување на наставничките компетенцииза медиумска писменост во ерата на вештачката интелигенција | TruthTich | наставници |
| **Даниела Папазова Бабуновска**<br>**Катерина Ѓоргиева** | Вовед во еТвининг платформата и употреба на дигитални алатки | Емилија Стојановска Национална агенција за европски образовни програми и мобилност | наставници |
| **Даниела Папазова Бабуновска**<br>**Тања Зарева**<br>**Христина Арилон** | Обука за безбедност и здравје при работа | БЗР | Наставници<br>Технички персонал |
| **Даниела Папазова Бабуновска**<br>**Тања Зарева**<br>**Катерина Ѓоргиева**<br>**Сашко Чоков**<br>**Гордана Михајловска** | Предизвици со учењето во денешното образование | Школа за брзо читање и мудро учење -Часлав Манчич | Наставници<br>родители |
| **Тања Зарева** | Асистивна технологија | Отворете ги прозорците | Наставници |

**Стручен актив на IV-то одделение**

**Претседател:Лорета Рушкова**

| Име и презиме на наставник | Наслов на обука / семинар | Реализатор на обука / семинар | Целна група |
|---|---|---|---|
| **Лорета Рушкова**<br>**Оливера Матева**<br>**Сања Гуџова**<br>**Евица Кимова**<br>**Оливера Нецинова**<br>**Радмила Бабунска** | 1.Обука за медиумска писменост,,Младите размислуваат“. | 1.Биро за развој на образованието и Проектот на УСАИД за медиумска писменост | наставници |
| | 2.Работилница за организирање на натпреварите по природни науки. | 2.МБД(Македонско биолошко друштво) | |
| | 3.Обука ,,Воспитание во современ контекст:развивање социоемоционални вештини кај учениците“ | Тетовски универзитет<br>Едукатор:<br>Кирил Барбареев | |
| **Лорета Рушкова** | ,,Примена на асистивната технологија како алатка за поддршка на инклузијата“ | Отворете ги прозорците | наставници |
| **Лорета Рушкова**<br>**Евица Кимова** | Обука за E-Twinning проекти | Национална агенција за европски образовни програми и мобилност | наставници |

**Стручен актив на V одделение**

**Претседател: Одговорен наставник на актив – Биљана Димовска Стојкова**

| Име и презиме на наставник | Наслов на обука / семинар | Реализатор на обука / семинар | Целна група |
|---|---|---|---|
| **Биљана Димовска Стојкова**<br>**Мирјана Танчева** | „Развивање на дигитални компетенции на наставниците за успешна професионална соработка во училиштето“ | Здружение на одделенски наставници ЗОН-Учител | Наставници<br>Стручна служба |
| **Биљана Димовска Стојкова**<br>**Мирјана Танчева** | „Компетентни наставници градат идни лидери и сонувачи„ | Здружение на одделенски наставници ЗОН-Учител | Ученици |
| **Биљана Димовска Стојкова**<br>**Мирјана Танчева** | „Влијанието на физичката активност врз когнитивните способности кај учениците“ | Здружение на одделенски наставници ЗОН-Учител | Ученици |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Биљана Димовска Стојкова** | „Емоционално насилство и како да го надминеме“ | ИН Асоцијација во соработка со Советот за превенција од детско престапништво при Општина Велес | Родители, ученици, наставници, педагошко-психолошка служба |
| **Лилјана Миланова**<br>**Виолета Гемишова**<br>**Биљана Димовска Стојкова**<br>**Анита Ѓошева**<br>**Марјана Самарџиева**<br>**Мирјана Танчева** | „Справување со врсничко насилство и кибернасилство“ | МОН - Биро за развој на образованието | Родители, ученици, наставници, педагошко-психолошка служба |
| **Марјана Самарџиева** | „Место за растење: Општини посветени на децата“ | Прва детска амбасада Меѓаши | Ученици |
| **Мирјана Танчева** | „Перото на македонските автори за деца во нашата училница“ | Здружение на одделенски наставници ЗОН-Учител | Наставници |
| **Биљана Димовска Стојкова**<br>**Мирјана Танчева** | Вовед во еТвининг платформата и употреба на дигитални алатки | Здружение на одделенски наставници ЗОН-Учител | Наставници |
